Commonwealth Department of Health and Aged Care

ANZFA
Australia New Zealand Food Authority
TE MANA WHAKARITE KAI MŌ Ā ITEREIRIA ME AOTEAROA





# Стандарди за безбедност на храната – Постапки за повлекување на неисправната храна

## Параграф 3 (само за Австралија) Кодекс за стандарди за храната на Австралија и Нов Зеланд

*Забелешка: Новите Стандарди за безбедност на храната не важат за Нов Зеланд. Обврските од стандардите за храната меѓу Австралија и Нов Зеланд не ги вклучуваат стандардите за хигиена при ракување со храната.*

### Кому му е потребна постапка за повлекување на храната?

Постапка за повлекување на храната им е потребна на трговците на големо, на производителите и на увозниците. Причините за повлекување на храна може да бидат ако храната е загадена со отровни бактерии, или со хемикалии или други материи кои може да бидат штетни ако се конзумираат со храната.

Ако сте трговец на **големо**, **производител** или **увозник** на храна морате да имате постапка за повлекување на храната која ќе ја користите за да ја повлечете храната од пазарот во случај да откриете дека таа е загадена или опасна за исхрана откако сте ја испорачале на купувачите. Оваа обврска е содржана во стандардите 3.2.2 Food Safety Practices and General Requirements. Постапката за повлекување на храна мора да биде во писмена форма, а вие ќе мора да ја следите постапката во случај на повлекување на храна.

Ако сте малопродажен или услужен објект како на пример супермаркет, ресторан или продавница за готова храна, постапка за повлекување на храна не ви е потребна, освен ако сте и трговец на големо, производител или увозник. Трговците на големо, производителите и увозниците се одговорни за повлекување на храна продадена на супермаркетите зашто храната која се служи во ресторантите и продавниците за готова храна се троши во моментот така што повлекувањето е неизводливо.

Меѓутоа, малопродажбата има улога при повлекување на храната од страна на други субјекти. Во овој случај постојат одредени обврски за идентификација, складирање и отстранување на повлечената храна и повлечените примероци храна вратени од страна на купувачите. Делот од оваа брошура наречен 'Отстранување на повлечената, расипана, несоодветна или вратена храна' содржи повеќе информации за овие барања.

Понекогаш бизнисите со храна решаваат да ја користат повлечената храна од причини кои не се поврзани со исправноста на храната. На пример, грешки во пакувањето или етикетирањето. Во овој случај тие можат да ја користат постапката за повлекување на храната иако законско барање за тоа не постои.

### Целта на постапката за повлекување

Постапката за повлекување мора:
- Веднаш да запре секаква понатамошна дистрибуција и продажба на сомнителниот производ;
- Да ги извести купувачите и соодветните власти за проблемот, и
- Ефикасно да ја повлече сомнителната храна.

### Главните елементи на системот за повлекување

Системот за повлекување треба да ги содржи следните елементи:

- Причина за повлекувањето и телефонските броеви на групата за повлекување и нивните обврски;

- Низа на чекори за насочување на одлуките за ризикот од неисправен производ;

- Низа на чекори за насочување на обемот на повлекувањето – на пример, дали производот веќе е во малопродажба и е продаден на купувачите;
- Список на организации кои треба да се известат за повлекувањето, на пример, Australia New Zealand Food Authority (ANZFA) и министрите за здравство на Комонвелтот и државата или територијата и министрите на државите или териториите каде производите се дистрибуирани;
- Список каде производите се испратени, на пример големопродажни објекти, дистрибутивни центри, супермаркети, болници и ресторани;
- Евиденција со информации која ќе им помогне на другите бизниси и јавноста да ја идентификуваат и вратат храната која се повлекува, на пример, името на производот, бројот на серијата, датумот, причината за повлекување, каде да се врати храната и кој да се контактира за дополнителни информации.
- Аранжмани за повлекување на храната вратена во супермаркетите или други продавници, и
- Аранжмани за проценка на повлечената храна која е вратена и колку од истата е се уште на пазарот.

## Расположиви брошури како помош при повлекувањето на храната

Расположиви се две бесплатни брошури од ANZFA.

*Food Industry Recall Protocol* (во моментот се дополнува) ќе ви помогне за работите кои треба да ги сторите за време на повлекувањето и пружа повеќе детаљи за видот на информациите кои треба да се вкучат во системот за повлекување.

Government *Health Authorities Food Recall Protocol* ги подвлекува одговорностите на владата во случај на повлекување на храна.

## Отстранување на повлечената, расипана или несоодветна храна

Сите бизниси со храна мораат да обезбедат храната која е повлечена да се чува јасно одбележена и издвоена од другата храна. Ова е со цел да се спречи случајното продавање на повлечената храна. Оваа храна мора да се чува издвоена од другата храна се додека не добиете упатства од компанијата која ја повлекува храната што треба со неа да се направи, или ако тоа е храна која вие ја повлекувате се додека вие не решите за нејзиното исфрлање.

## Ви требаат повеќе информации?

Копии на стандардите, упатства за користење на истите и други брошури и материјали може да се најдат на интернет страната на ANZFA на (www.anzfa.gov.au).

Како стандардите ќе стапуваат во сила во секоја држава или територија, бизнисите со храна ќе можат да побараат помош од Environmental Health Officers при нивната општина, или од одделението за здравство при нивната држава или територија и од јавните здравствени установи.

Деталјите за контакт за одделенијата за здравство во одделните територии и држави и локалните општини вклучени се во посебна брошура *Food Safety Standards – Sources of information & advice.*

Australia New Zealand Food Authority
P O Box 7186
Canberra MC ACT 2610
Tel: 02 6271 2222 Fax: 02 6271 2278

Website: www.anzfa.gov.au
Email: advice@anzfa.gov.au
Advice Line: 1300 652 166

Australia New Zealand Food Authority
P O Box 10559
Wellington NZ 6036
Tel: 04 473 9942 Fax: 04 473 9855

Website: www.anzfa.govt.nz
Email: nz.reception@anzfa.gov.au
Advice Line: 0800 441 571